МАСИТ
Стопанска комора за ИКТ

# ГОДИШЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ 2025

# Реализирани цели и нови амбиции

Годината што ја заокружуваме беше одбележана со засилена активност, стратешки раст и конкретни резултати кои дополнително го зацврстија развојот на ИКТ секторот во земјава. Во текот на 2025 година, МАСИТ реализираше низа релевантни настани, обуки, работилници и конференции, насочени кон унапредување на капацитетите на членките и зајакнување на целокупниот дигитален екосистем.

Секој реализиран настан придонесе со нови увиди, практични знаења и можности за соработка, поттикнувајќи дијалог помеѓу индустријата, институциите и заедницата. Преку стратешки иницијативи, проширување на членската мрежа и зајакнување на партнерствата, 2025 година ја одбележавме како значајна, јубилејна година за МАСИТ.

Во продолжение следува краток осврт на најважните активности и моменти кои ја дефинираа 2025 година и поставија цврста основа за идните насоки и развој на комората.




# Годишно изборно собрание

Оваа година во мај се одржа редовното годишно изборно собрание на МАСИТ, на кое беше избран нов состав на Управниот одбор. По спроведената изборна постапка, на конститутивната седница, за претседател на комората беше избран Јордан Димитровски, со што започна нов мандат и нова фаза во работата и стратешкото делување на МАСИТ. Новоизбраните членови на Управниот одбор, заедно со новоизбраните членови на Надзорниот одбор и Судот на честа, внесоа свежа енергија, ентузијазам и заедничка посветеност кон јакнење на улогата и влијанието на комората.

# Избрано ново раководство на Комората 2025-2028



### Управен одбор

- Јордан Димитровски – Аитоникс – Претседател на МАСИТ и претседател на УО
- Филип Петровски – Дата Мастерс – Заменик претседател на УО
- Благој Христов – Македонски Телеком
- Стевчо Ристески – А1 Македонија
- Дамјан Манчевски – МАК-Систем
- Софче Јовановска – Скеил Фокус
- Весна Иваноска – Авенга Академи
- Костандина Пареска Медарски – Валтек
- Зоран Лазаревски – Ултра
- Славчо Ангеловски – АСЕЕ
- Андреј Петрески - Циско

### Претседател на Собрание

- Илија Господинов – Ендава

### Суд на честа

- Дашмир Истрефи – Хојотек
- Сашо Јовановски – Даталаб
- Јана Дамевска – Инфиго

### Надзорен одбор

- Горан Митев – Едусофт
- Миле Стоиловски – Брансис
- Маријана Андриќ – Маранд

# Застапување и лобирање на интересите на ИКТ компаниите









Во изминатиот период, МАСИТ реализираше континуирани и стратешки активности насочени кон унапредување на позицијата на ИКТ-секторот во рамки на јавните политики и институционалниот дијалог.

- Активно учество во креирање на Националната ИКТ стратегија преку секторската работна група, со фокус на забрзување на дигитализацијата и вклучување на сите релевантни чинители во економијата.
- Реализација на официјална средба на Управниот одбор на МАСИТ со Министерот за дигитална трансформација, при што беа отворени клучни теми од стратешко значење за ИКТ-бизнисите и беше потврдена заложбата за засилена соработка насочена кон конкретни резултати.
- Јавно застапување на интересите на ИКТ-секторот преку учество на меѓународна конференција за дигитализација на локално ниво, со јасна порака дека општините треба да функционираат како дигитални сервиси за граѓаните, а ИКТ-компаниите да бидат партнери во креирањето поефикасна јавна администрација.
- Продлабочување на соработката со институции за иновации преку средба со ИНОВА, со цел градење поефикасен ИКТ-екосистем и вклучување на потребите на индустријата во идните програми за иновации и претприемништво.
- Отворање ново поглавје на институционална соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, со фокус на меѓународна промоција на македонскиот ИКТ-сектор, поддршка за извоз, интернационализација и поврзување со дијаспората и таргет-пазарите.

Овие активности ја позиционираат МАСИТ како релевантен и кредибилен соговорник на државата во процесите на дигитална трансформација и економски развој.





# Застапување и лобирање на интересите на ИКТ компаниите








Паралелно со институционалното застапување, МАСИТ интензивно работеше на отворање меѓународни канали за соработка и пазарен пристап за своите членки.

- Учество на официјална средба во Владата со делегацијата на Dubai Chamber, на која беа презентирани капацитетите и потенцијалот на македонскиот ИКТ-сектор, со директно вклучување на компании членки и отворање можности за нови партнерства и пристап до нови пазари.
- Реализација на средба со Амбасадорката на Јапонија, со фокус на поврзување на македонската ИКТ-индустрија со јапонски компании, размена на знаења и креирање заеднички иницијативи за поддршка на млади иноватори и стартапи.
- Остварување официјална посета на Амбасадата на Казахстан, со разговори за институционална поддршка и олеснет пристап на македонските ИКТ компании до казахстанскиот пазар, како и можности за заеднички настап и партнерства.
- Активно учество во регионални и европски дебати за дигиталната иднина на Западен Балкан, со јасна порака за европската перспектива на дигиталниот развој и адресирање на бариерите и можностите за стартапи и растечки компании.

Преку овие активности, МАСИТ системски лобира за интернационализација на македонскиот ИКТ-сектор и негово позиционирање на меѓународната дигитална и економска сцена.






# Ново поглавје со нови стратешки определби

Како одговор на забрзаниот технолошки развој, континуираниот недостиг на ИКТ кадар и потребата за посилно влијание на индустријата врз јавните политики, образованието и економскиот раст, МАСИТ одлучи да дефинира јасни стратешки определби за периодот 2025–2028, со цел поактивна, поврзана и влијателна улога на ИКТ-секторот во државата.

## Дигитализација и автоматизација

Јадрото на секоја модерна организација е дигиталната ефикасност. Затоа се фокусираме на:

- **Целосна дигитализација на интерните процеси**: модернизација на системот за зачленување, автоматизирано известување за финансиски обврски, нова платформа за координација на практикантство со компаниите.
- **Платформа за членство / е-каталог**: видливост на компаниите-членки и можности за вмрежување.
- **Поддршка за дигитализација на членките**: преку идентификување проекти и можности што директно ќе им помогнат на компаниите.

**Изработка на реален, мерлив план за дигитализација во земјата** – во соработка со институциите и бизнис заедницата

## Образование

Вистинската дигитална економија не може да постои без знаење. Образованието е столбот на иднината:

- **Јакнење на партнерствата со универзитети, академии и обучувачки центри**
- **Развивање на практикантски и менторски програми** со реален ефект врз вработувањето
- **Унапредување на учеството на ИКТ секторот во националната рамка на квалификации**
- **Вклучување на Digital Compass насоките во формално и неформално образование**
- **Интегрирање на AI и дигитални теми во средното образование**
- **Преквалификација и дообразование** како одговор на недостигот на ИКТ кадар

## Вмрежување

МАСИТ ја гледа својата улога како мост меѓу компаниите, институциите и меѓународната сцена. Во таа насока ќе работиме на:

- **Зголемување на нашето влијание во креирање политики** преку партнерство со државните институции
- **Организирање на годишна конференција** за промоција на индустријата и вмрежување
- **Поддршка на тематски настани, meetup групи и иницијативи што поттикнуваат соработка**
- **Изградба на B2B мрежи преку меѓународна соработка и изложување на глобални пазари**
- **Креирање на онлајн форум за членките** – за директна комуникација, соработка и размена на ресурси

# Формирани работни групи во рамки на МАСИТ

МАСИТ формираше шест нови работни групи со цел поефективно унапредување на ИКТ секторот и зајакнување на соработката меѓу членките. Работните групи се насочени кон клучни области за развој на индустријата и тоа:

- Работна група за стратегии, политики и регулатива
- Работна група за стартапи
- Работна група за образование
- Работна група за развој на домашен ИКТ пазар
- Работна група за инфраструктура и опрема
- Работна група за извозно ориентирани компании (outsourcing и продукт компании)




Овие работни групи се **отворени за сите членки на МАСИТ** и претставуваат активни, функционални платформи за размена на идеи, искуства и експертиза. До сега се реализирани повеќе работни средби, од кои произлегоа конкретни насоки, иницијални планови и предлози за идни активности, проекти и застапување пред релевантни институции.

Преку ваквиот пристап, МАСИТ овозможува директно вклучување на членките во креирање политики, развој на човечки капитал, поттикнување на иновации и зголемување на конкурентноста на македонската ИКТ индустрија, со јасна цел – реални резултати и одржлив раст на секторот.

TM

# Ново лого и модернизација на веб решение

Покрај новите стратешки цели кон кои МАСИТ веќе ги насочи своите активности, во 2025 година беше реализирана и значајна промена на визуелниот идентитет. Организацијата доби ново, модернизирано и веќе препознатливо лого, како и ново веб решение, усогласено со современите дигитални стандарди.

Проектот беше успешно реализиран со поддршка и ангажман на студентите од Авенга Академи, чиј придонес овозможи МАСИТ да го зајакне своето јавно присуство и да се позиционира како помодерна и повидлива организација во 2025 година.

МАСИТ
Стопанска комора за ИКТ

MASIT
ICT Chamber of Commerce





## Продолжување и зацврстување на соработката со постоечките и воспоставување нови Патрон Партнерства

Во 2025 година продолживме и зацврстивме партнерства со нашите постоечки Патрон партнери, со кои реализираме дополнителни услуги за членките и кои придонесуваат за стабилноста и одржливоста на извршната канцеларија на МАСИТ. Продоживме со **HALKBANK** со нов трогодишен договор, како и со **Триглав осигурување Живот АД** и **Божиновски – часовници и накит. Воедно, оваа година** склучивме ново партнерство со **RAGUSA GROUP**.

Со нашите партнери и во 2026 година ќе делуваме фокусирано и заеднички, насочени кон унапредување на услугите за членките, поттикнување на растот на ИКТ индустријата и реализација на иницијативи што создаваат мерлива и долгорочна вредност за компаниите и секторот.










# Реализирани настани на МАСИТ и настани на кои учествуваме – 2025

- 1. Работилница - ИКТ, Регулатива и Човечки Капитал
Работна средба за усогласување на законска рамка со реалностите на ИКТ индустријата.

- 2. Меѓународна конференција - Иновации во дигитализацијата на локално ниво

- 3. Презентација на услуги на членки: ДигитМак – Центар за дигитални иновации
Претставување на услуги и европски програми за иновации, со учество на членки и академија.

- 4. Отворен ден на Brainster Next – учество на Петар Лазовски на панел сесијаза поврзување на студенти со индустријата и промоција на практична настава.

- 5. МАСИТ пријател на Хуманитарна трка IT4Charity - 25 компании од кои 11 компании членки на МАСИТ – со 200 учесници собраа 30.000 евра за семејства во социјален ризик.








# Реализирани настани на МАСИТ и настани на кои учествуваме – 2025

- 6. Дебата за европска дигитална економија – Учество на Јордан Димитровски како модератор на панел дискусија во рамки на Самитот на Западен Балкан
- 7. Обука за членки на тема „Заштита на лични податоци во дигиталната ера“ – презентација на GDPR и домашни законски обврски со практични примери.
- 8. Обука за членки на тема„СЕПА трансфери – национални капацитети и пат кон интеграција“ - усогласување на плаќањата со европските стандарди.
- 9. Бизнис бранч - Триглав осигурување живот и членки на МАСИТ - неформално дружење, размена на идеи и зајакнување на мрежата на членките.
- 10. SMART/MK 2030 – Национална ИКТ стратегија - Претседателот Јордан Димитровски учествуваше на панел-сесија посветена на дигиталната трансформација, ВИ и клучните предуслови за раст на ИКТ индустријата.



# Компаративна анализа и извештај за параметрите во ИКТ индустријата

| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2020-2021 | 2021-2022 | 2022-2023 | 2023-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на компании | 2,378 | 2,450 | 2,846 | 3,091 | 2,921 | 3% | 16% | 9% | -5,5% |
| Вработени во ИКТ секторот | 16,712 | 17,675 | 19,947 | 21,640 | 23,948 | 6% | 13% | 8% | 10,7% |
| Приход од работењето | EUR 985,269,985 | EUR 933,328,401 | EUR 1,279,538,270 | EUR 1,470,463,270 | EUR 1,654,830,301 | -5% | 37% | 15% | 12,5% |
| Плати и надоместоци на плати | EUR 141,748,265 | EUR 165,229,713 | EUR 215,207,710 | EUR 266,839,724 | EUR 314,326,725 | 17% | 30% | 24% | 18,0% |
| Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плати | EUR 14,775,880 | EUR 17,525,178 | EUR 23,177,032 | EUR 28,822,861 | EUR 34,284,645 | 19% | 32% | 24% | 19,0% |
| Придонеси за задолжително социјално осигурување | EUR 55,995,282 | EUR 65,469,520 | EUR 85,897,671 | EUR 106,492,439 | EUR 124,472,078 | 17% | 31% | 24% | 16,9% |
| Останати трошоци за вработените | EUR 13,262,167 | EUR 15,330,595 | EUR 22,044,461 | EUR 30,229,544 | EUR 32,007,064 | 16% | 44% | 37% | 5,9% |
| Данок на добивка | EUR 12,625,500 | EUR 13,122,769 | EUR 17,665,102 | EUR 20,047,430 | EUR 33,056,524 | 4% | 35% | 13% | 64,9% |
| Просечна месечна бруто плата во евра | EUR 1,646 | EUR 2,002 | EUR 2,260 | EUR 2,290 | EUR 2,376 | 22% | 25% | 1% | 3,6% |
| Извоз (милиони евра) | EUR 231 | EUR 330 | EUR 468 | EUR 553 | EUR 664 | 43% | 42% | 18% | 20,0% |

МАСИТ
Стопанска комора за ИКТ

Извор: Централен Регистар на РСМ (за компании од следните шифри на дејност: 26.200, 26.400, 26.300, 26.510, 46.500, 47.400, 47.920, 47.400, 47.920, 58.210, 58.290, 61.100, 61.900, 61.200, 62.100, 62.200, 62.900, 63.100, 60.200, 60.390, 63.910 и 95.100

Анализата што ја спроведовме во 2025 за ИКТ секторот во Македонија во 2024 година – покажа дека индустријата бележи квалитативен и квантитативен раст: повеќе вработени, повисоки приходи, плати и извоз, и зголемена профитабилност. И покрај намалениот број на компании, секторот се консолидира и се позиционира како стратешки двигател на економскиот раст, иновациите и интернационализацијата.


WITSA
World Innovation, Technology and Services Alliance

WITSA Global Awards 2025

Best of Country Award
Republic of North Macedonia

Proxiad SEE

Awarded on **August 19, 2025**
Taipei, Taiwan

Dato' Dr. Sean Seah
*Chairman*
*WITSA*

# WITSA Global Innovation and Tech Excellence Awards 2025 - МАСИТ Номинација

Нашата членка **PROXIAD SEE**, номинирана од МАСИТ, ја освои наградата **Best of Country** во рамки на **WITSA Global Innovation and Tech Excellence Awards 2025** за иновативни ИКТ решенија. Овој престижен избор се одржува во рамки на Светскиот Конгрес на Иновации и Технологии (World Congress on Innovation and Technology), и ја потврдува квалитетната работа и глобалниот потенцијал на македонските ИКТ компании.

# Членство во МАСИТ
























Од почетокот на 2025 година, МАСИТ го зајакна своето членство со **16 нови компании членки,** што претставува јасен показател за растечката доверба во улогата и активностите на Комората. Паралелно со тоа, реализиравме бројни посети и директни средби со компаниите членки, кои овозможија подобро разбирање на нивните потреби и предизвици, а резултираа со конкретни активности, нови можности за соработка и иницијативи насочени кон заеднички раст и развој на ИКТ секторот.




Pante



Ambitious Solutions
#WhereSoftwareMeetsTalent

GDi

STRAVIČNO
ITEL

GET READY TO INNOVATE

M6
EDUCATIONAL CENTRE SKOPJE

neotel

INTERSPACE

HOYO


# Ново членство во 2025

RACIO GRUP

digit software

modirum PLATFORMS

Public Cloud Group

technoperia

modeliks

setec
cè og техника

ACCENT
IMPROVING TO PERFECTION

INSIGHT
ORGANIZATIONAL DEVELOPMENT

IOGA

Factum AI

ITEL

ARC

ICT SOLUTIONS
CLOUD IN TOUCH

ACT!
consultancy services

innoX

# 20-та годишна конференција на МАСИТ

Годишната конференција MASIT 2.0 – „Recode Reality“ одржана на 3 декември 2025 година потврди дека МАСИТ е клучен двигател на дигиталната трансформација во Македонија.

Над 300 учесници од компании, институции и интернационални експерти ги споделија своите визии, искуства и стратегии за развој на ИКТ-секторот.

Во своето обраќање, претседателот на МАСИТ, Јордан Димитровски, ја истакна економската тежина и зрелоста на ИКТ секторот во Македонија. Денес, индустријата опфаќа речиси 3.000 компании и обезбедува вработување за околу 25.000 лица, позиционирајќи се како еден од најдинамичните и најконкурентните сектори во економијата. Со вкупни приходи над 1,65 милијарди евра, ИКТ секторот претставува значаен двигател на раст, извоз и иновации, со сè поголемо влијание врз вкупниот економски развој на државата.










# 20-та годишна конференција на МАСИТ

Конференцијата опфати панел-дискусии и глобални перспективи:

- **Connectivity 2030** – иднина на дигиталната инфраструктура и телекомуникациите
- **Вештачка интелигенција и трансформација на бизнисот** – нови вештини и структури
- **Образование и иднината на технолошките кадри** – модернизација на образовните модели
- **Моќта на податоците** – податоци како бизнис вредност и оптимизација на процеси
- **Финансирање на иновации** – од концепт до реализација, пристап до фондови и механизми

Конференцијата потврди дека технологијата е двигател на промени и МАСИТ продолжува да ја води дигиталната трансформација во Македонија.












# МАСИТ – 25 години визија, лидерство и придонес

По повод 25 години постоење, МАСИТ додели признанија и благодарници на поранешните претседатели и партнерите, за нивниот значаен придонес во развојот на Комората и македонската ИКТ-индустрија. Нивната визија и лидерство претставуваат темел врз кој МАСИТ продолжува да гради силен, иновативен и поврзан ИКТ сектор.




# Подготвени за 2026!

2025 година ја заокружуваме како година на јасни одлуки, конкретни чекори и засилена улога на МАСИТ како глас и двигател на ИКТ-индустријата. Со ново раководство, усвоени стратешки определби за периодот 2025–2028 и богата агенда на реализирани настани, партнерства и иницијативи, ја поставивме основата за уште посилен, повлијателен и поврзан ИКТ сектор.

Годината ја одбележаа активна вклученост во креирање политики, поддршка на образованието и човечкиот капитал, интернационална промоција на нашите компании, како и јубилејот – 25 години МАСИТ, симбол на континуитет, визија и заедништво.

Со доверба во заедничката сила на членките и партнерите, продолжуваме кон следниот период подготвени за нови предизвици, поголемо влијание и конкретни резултати. Ви благодариме што сте активен дел од МАСИТ и што заедно ја градиме иднината на ИКТ индустријата.

2CODERS | A1 | avenga Academy | AITONIX | axians | ACCENT | ALIADO | ALOSYS | ALLOCATE | Ambitious Solutions | AUE FON

Blank | BRANSYS | BRAINSTER | BCS | valtech. | VASS complex made simple | Vega Software | vector8 | GDi | ГеоНет | GORD SYSTEMS | GrabIT SOFTWARE. DATA. PARTNERSHIPS.

eOS | EduSoft | ELIKOSOFT | endava | EY Building a better working world | euroanswer | ECDL Macedonia | IGEA | INet excellence in technology | innoX | inplayer | INSIGHT

infigo | INFINITE SOLUTIONS | ИСКОН | iSOURCE | itLabs | illude | ICT SOLUTIONS | KABTEL | KERNEL group | КИБС Клиринщка куќа | CLIQ CONSULTING | CodeITSolution

DATAMASTERS | deltatre | digit software | Digital School | DDS COMPUTERS | ArtHaus IT solutions for your business | ARC | asee | ASI Alternative System Integration | aspekt | ACT! consultancy services

COSMIC DEVELOPMENT | LANCom COMPUTERS | LINKPLUS | M6 EDUCATIONAL CENTRE SKOPJE We see further ahead | MAK-SYSTEM | МБС | INSCALE BUILD YOUR OWN TEAM | INTELIGENTA | IWCONNECT | CaSys International | INTERSPACE

modirum PLATFORMS | ITEL | nextsense | NEOCOM | neotel | NETING SCHOOL | НЕТРА | netcetera | nion | Public Cloud Group | Panteleon.GS | piksel

MAKPETROL | MARAND | mkhost | MOBICO | modeliks | SNK | Softelligence | Taskforce | technoperia | tessa

PROVIAD | PCES | RACIO GRUP | RE:BENEFIT | REAKTIV | RSM | setec сè од техника | SEMOS | SEMOS education | SIME | symphony | scalefocus

FIBERNET | FINQUP | foxit | init. | chaos | HOYO TECH | ultracomputing | unija SMART ACCOUNTING | FactumAI | ФИКТ | IO

cisco | cmx Customer Interaction